# Варшавска изјава на застапниците за здравје и права на сексуалните работници

Подолу е дадена заедничката изјава изготвена за 18[тата] Меѓународна конференција за намалување на штети од droги одржана во Варшава, Полска, во Мај 2007, од страна на активистите за правата на сексуалните работници. Изјавата беше објавена на конференцискиот веб сајт и публикувана во завршните документи.

Изјавата се базира на материјали изготвени од Стела, Канадска организација за правата на сексуалните работници, за Меѓународната конференција за ХИВ/СИДА во 2006. Работната група составена од сексуални работници и застапници на нивните права, посветени кон зголемување на учеството на сексуалните работници и нивните организации на Меѓународната конференција за намалување на штети од droги, ја усвои изјавата на Стела во консултација со нашите заедници и мрежи. Задоволство ни е да ги презентираме следните неколку клучни пораки за правата на сексуалните работници и проблематиката околу намалување штети на делегатите и учесниците во Варшава:

- **Човекови права за сексуалните работници:** признавањето и заштитата на човековите права на сексуалните работници е од основно значење за промовирање на здравјето и безбедноста. Преку обезбедување на целосно уживање на нивните човекови права, дискриминацијата и злоставувањето, на кои често подлежат сексуалните работници, ќе се намалат или елиминираат и ќе им се овозможи подобар пристап до здравствени и социјални услуги.
- **Сексуалните работници се дел од решението:** лидерството и зајакнувањето на сексуалните работници се два аспекти од суштинско значење за борбата против ХИВ и дискриминацијата. Најдобриот ресурс што го поседуваат сексуалните работници се самите тие — тие треба да бидат на чело во развојот и имплементацијата на програмите и политиките кои влијаат врз нивните животи. Само преку зајакнувањето на сексуалните работници сами да се заложуваат за себе и преку развивање на лидерството кај нив, можно е запирање на стигмата и прекршувањата на нивните права.
- **Сексуалната работа е работа, а не "штета":** Сексуалната работа не е по својата природа штетна. Причините поради кои луѓето се впуштаат во сексуална работа се многу различни, исто како и причините поради кои луѓето избираат и други професии. Многу организации за здравје и права на сексуалните работници применуваат рамка за намалување штети кога работат потребите на сексуалните работници – корисници на droги. Други пак организации за здравје и права на сексуалните работници немаат толку либерален однос кон намалувањето на штети затоа што "штетата" понекогаш се дефинира како сексуална работа или пак како самите сексуални работници. За застапниците на правата на сексуалните работници, "штетата" поврзана со резултатите од сексуалната работа во репресивни средини во кои сексуалната работа не се препознава како работа а сексуалните работници немаат основни човекови права и пристап до соодветните здравствени услуги.
- **Работнички права на сексуалните работници:** сексуалната работа треба да биде прифатена како работа, со цел да им се обезбедат безбедни и соодветни работни услови. Недостатокот од човекови права ги остава сексуалните работници ранливи на злоставување и лоши работни услови.

Понатаму, по консултациите за време на 18[та] Меѓународната Конференција за намалување на штети од дроги, потенцираме дека сексуалните работници се клучни играчи во промоцијата на човековите права и намалувањето на штети, и со задоволство ќе учествуваат во тие активности заедно со своите сојузници кои ги споделуваат нашите филозофии и посветеност на правда.

**“Ништо за нас без нас.”**

www.apnsw.org
www.desireealliance.org
www.parasol.org.pl
www.sexworkeurope.com
www.differentavenues.org
www.correlation-net.org
www.chezstella.org
www.swop-usa.org
www.hops.org.mk
www.scarletalliance.org.au
www.bayswan.org
www.odyseus.org
www.tada.pl